ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 35, став 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален Урбанистички План за Градска Четврт Ј03, блок 7, Општина Карпош, Скопје.

Јавната анкета по Предлог Детален Урбанистички План за Градска Четврт Ј03, блок 7, Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи од 13.12.2019 година до 27.12.2019 година, секој работен ден, од 08.00 до 18.00 часот, во У.З. "Кузман Јосифовски Питу", Општина Карпош - Скопје.

Јавната презентација по Предлог Детален Урбанистички План за Градска Четврт Ј03, блок 7, Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи на ден 17.12.2019 година, во 15.30 часот, во просториите на У.З "Кузман Јосифовски Питу ", Општина Карпош - Скопје.

Јавната презентација со јавните претпријатија по Предлог Детален Урбанистички План за Градска Четврт Ј03, блок 7, Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи на ден 17.12.2019 година во 14:00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Просторот за кој се донесува Предлог Детален Урбанистички План за Градска Четврт Ј03, блок 7, Општина Карпош, Скопје, е дефиниран со следните граници:

На север границата на планскиот опфат се движи по оската на сервисна улица "С1-ул. Козле"; на исток се совпаѓа со оска на сервисна улица "С4-ул. Леринска" и сервисна улица "С5-ул. Ловќенска-1", на југ се совпаѓа со Новопланирана собирна улица "Јужна обиколница - Водно" и на запад продолжува по оска на сервисна улица "С8-ул. Трнодол".

Површината на планскиот опфат изнесува 16.03 ха.

Анкетните листови за учество ва Јавната анкета ќе се наоѓаат во У.З. "Кузман Јосифовски Питу ", Општина Карпош, Скопје.

Соопштението за организирање на Јавната Презентација и Јавната анкета, Графичкиот приказ за Предлог Детален Урбанистички План за Градска Четврт Ј03, блок 7, Општина Карпош, Скопје и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош - www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*